СИНДИКАТ
УПОЗ

# БИЛТЕН

НА ПЕТНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ 07.06.2009

15 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
15 УПОЗ
СТРУГА '09






DOV I DUVAWE DO 16-te S I S-UPOZ - 2010

**Поздравен збор на претседателот на Синдикатот на УПОЗ Ванчо Муратовски на отварањето на Петнаесеттите спортски игри и средби**

# СПОРТСКИТЕ ИГРИ НÈ ЗДРУЖУВААТ



Почитувани колешки и колеги, драги пријатели, почитувани гости од Хрватска и Словенија, почитувани гости поканети на нашите Петнаесетти спортски игри.

Ми причинува задоволство што сум овде со вас, што еве по 15-ти пат една традиција продолжува успешно, што успеавме и покрај сите проблеми што ги имаме во државата, со разноразни кризи што се случуваат, сепак да ја одржиме традицијата и тука за три дена барем да заборавиме на секојдневните проблеми, да се дружиме и натпреваруваме.

Навистина после 15 години човек се прашува дали вредеше целиот труд на тие луѓе пред 15 години чија идеја беа овие спортски игри. Сега гледам дека таа идеја беше навистина добра. Овие спортски игри всушност се убава можност на дружење меѓу нас, бидејќи вообичаено на работните места немаме многу можности за дружење, или се дружиме само во мал круг, но не и пошироко со колегите од другите работни.

Ова е можност да запознаеме и други пријатели и со нашата долгогодишна соработка што ја имаме веќе 15 години со Синдикатот на Хрватска, со државните службеници и намештеници. Еве неколку години наназад стана традиција да одиме таму а и тие да дојдат тука на гости и да се дружиме и разменуваме искуства, да ги видиме убавините на овие две земји. Еве се надевам дека и со колегите од Словенија ќе биде исто така, дека ова е прв чекор кон поблиска соработка и дружење и дека ќе можеме и во иднина исто така да правиме размена на искуства.

За жал, се наоѓаме во период кога е светска криза, кога во изминативе 8-9 месеци во Македонија се изгубени 24 000 работни места со тенденција овој број уште да се зголемува, производството и стопанството оди надолу. За жал, секогаш товарот го има на своите плеќи работникот. Мислам дека ќе ги поменеме и овие проблеми што ги имаме оваа година, и дека од наредната пролет ќе почне стопанството да тргне во нагорна линија и дека ќе можеме да кажеме дека излегуваме од кризата а тоа значи дека ќе се отворат нови работни места и ќе живееме малку подобро. Сигурно дека патот кон Европа и кон НАТО не треба да го заборавиме. Треба да правиме сè за што побрзо да стигнеме таму. Значи не треба да се лутиме на западните земји кога ни поставуваат најразлични услови. Сепак ако се свртиме околу нас ќе видиме дека навистина треба уште многу да работиме. Јас сум оптимист дека конечно и Македонија ќе влезе и во Нато и во европското семејство и дека ќе почнеме да живееме нормално, не 19 години во транзиција.

Веројатно на сите ви е здосадено од секојдневните проблеми и грижи и дека и вие барате конечно решение на сите проблеми. Но да не зборувам долго, сакам игрите да протечат како и досега, нормално без проблеми, без инциденти, да победуваат најдобрите, да ги доделуваме пехарие на оние што се први, втори и трети, да одите потоа радосни дома да бидете задоволни што сте се дружеле, што сте освоиле некое значајно место и дека конечно вашите раководители ќе најдат оправдување зашто ве пуштиле на овие спортси игри. Тука би завршил и со тоа би ги прогласувам 15-те спортски игри за отворени.



## Дарко Лесар, потпретседател на Синдикатот на државните, локалните службеници и намештеници на Хрватска

Добро вечер Македонијо, добро вечер драги синдикални пријатели.

Пред се дозволете да ве поздравам од името на Претседателот на нашиот синдикат, потоа во мое лично име, како и од името на моите пријатели од Хрватска кои сме тука со Вас.

Ви заблагодарувам на овој срдечен пречек и на се надевам удобниот престој. Во нецел месец вторпат се дружиме и би рекол дека најголема вредност на овие спортски средби е токму тоа дружење иако не треба да се занемарат и соработката и резултатите.

На крај на сите ви пожелувам убаво време, добро дружење и нека победат најдобрите.



## Анка Моро, потпретседател на Синдикатот на здравство и социјална заштита

Добро вечер, дојдовме од Словенија, затоа дозволете ми да ги поздравам сите екипи од Македонија и Хрватска во името на Синдикатот на здравство и социјална заштита од Словенија, како и од името на екипите од здравствениот дом "ПТУЈ„. Морам да се заблагодарам на Вашиот претседател Ванчо Муратовски што не покани да бидеме тука со вас и да ја видиме вашата преубава земја.

Посакувам вашите игри и средби и оваа година да постигнат голем успех





15 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ УПОЗ СТРУГА '09

**СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ - УПОЗ 2009**
**СТРУГА, 04.06 - 07.06.2009**

# КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ

## МАЛ ФУДБАЛ

1. Апелационо подрачје - Гостивар
2. Апелационо подрачје - Штип
3. Апелационо подрачје - Скопје

## БАСКЕТ

**ЖЕНИ:**

1. Локална самоуправа на РМ
2. Воена болница
3. Државен завод за статистика



## КОШАРКА

**МАЖИ:**

1. Агенција за катастар и недвижности
2. Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство
3. Локална самоуправа - Струга



## ПИКАДО

**ЖЕНИ:**

1. Локална самоуправа - Струга
2. Фонд на ПИОМ
3. Сојуз на синдикатите на РМ

## ВЛЕЧЕЊЕ ЈАЖЕ

### ЗАЕДНИЧКА ДИСЦИПЛИНА

1. Агенција за катастар и недвижности
2. Фонд на ПИОМ
3. Фонд за здравствено осигурување



# КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ

**СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ - УПОЗ 2009**
**СТРУГА, 04.06 - 07.06.2009**

## КРОС

**ЖЕНИ:**

1. Сузана Монавчева — Фонд за здравствено осигурување
2. Валентина Кировска — Фонд за здравствено осигурување
3. Ангелина Котевска — УЈП и Министерство за финансии

**МАЖИ:**

1. Срѓан Милошевски — Регионален синд. совет Велес
2. Зоран Димов — Регионален синд. совет Велес
3. Виктор Георгиевски — Апелационо подрачје - Штип

## ШАХ

**ЖЕНИ:**

1. Агенција за катастар и недвижности
2. УЈП и Министерство за финансии
3. Фонд на ПИОМ

**МАЖИ:**

1. Фонд за здравствено осигурување
2. Регионален синдикален совет Велес
3. Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство

## ОДБОЈКА

**ЖЕНИ:**

1. Фонд на ПИОМ
2. Агенција за катастар и недвижности
3. Воена болница

**МАЖИ:**

1. Агенција за катастар и недвижности
2. Локална самоуправа - Струмица
3. Регионален синдикален совет Велес

## ПИНГ-ПОНГ

**ЖЕНИ:**

1. Локална самоуправа - Карпош
2. Фонд за здравствено осигурување
3. Воена болница

**МАЖИ:**

1. Локална самоуправа - Прилеп
2. Воена болница
3. Апелационо подрачје - Штип

## СТРЕЛАШТВО

**ЖЕНИ:**

1. Воена болница
2. УЈП и Министерство за финансии
3. Локална самоуправа - Струмица

**МАЖИ:**

1. Апелационо подрачје - Штип
2. Министерство за транспорт и врски
3. Стопанска комора на РМ
3. Локална самоуправа - Струга





15 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
УПОЗ
СТРУГА '09

СПОРТСКИ ИГРИ И
СРЕДБИ - УПОЗ 2009
СТРУГА, 04.06 - 07.06.2009

# НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА




## ФЕР ПЛЕЈ

**РЕГИОНАЛЕН СИНДИКАЛЕН СОВЕТ КУМАНОВО**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА

СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ПЕТНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА Е ЕКИПАТА НА

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР И НЕДВИЖНОСТИ И АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ - ШТИП**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА

СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ПЕТНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА Е ЕКИПАТА НА **ВОЕНА БОЛНИЦА И ЛОКАЛНА САМОУПРАВА - СТРУГА**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК

СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ПЕТНАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ Е ЕКИПАТА НА **АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР И НЕДВИЖНОСТИ**

## ВТОРО МЕСТО

ВТОРО МЕСТО ВО СЕВКУПНА КОНКУРЕНЦИЈА
НА ПЕТНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ОСВОИ ЕКИПАТА НА

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

## ТРЕТО МЕСТО

ТРЕТО МЕСТО ВО СЕВКУПНА КОНКУРЕНЦИЈА
НА ПЕТНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ОСВОИ ЕКИПАТА НА

**ВОЕНА БОЛНИЦА**


АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР
И НЕДВИЖНОСТИ
МИНИСТЕРСТВО
ЗА ЕКОНОМИЈА
РЕГИОНАЛЕН
СИНДИКАЛЕН СОВЕТ- КУМАНОВО
СТОПАНСКА КОМОРА




ЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ
ШТИП







